Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 7195/5-1
27.10.2022 година

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, како и член 2 од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање на согласности донесен од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр.02-3438/8-1 од 10.05.2021 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од предлог статутарната одлука бр. 02-6707/2 од 10.10.2022 година и одлуката за измена и дополнување на предлог статутарната одлука бр. 02-7195/5 од 27.10.2022 година, одредбите од Правилникот за работатата на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 459та редовна седница, одржана на 10.10.2022 година, ја донесе следната:

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ НА ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1**
**(пречистен текст) од 10.05.2021 година**

1. Во Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1 (пречистен текст) од 10.05.2021 година (во понатамошен текст: Статут) се вршат измените како во став 2 и став 3 од оваа Одлука.

2. Се менува став 1 од член 36 од Статутот на Друштвото, и по извшените измени истиот гласи:
   *"Управниот одбор се состои од 4 члена, од кои еден се именува за Претседател на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор истовремено е и Генерален менаџер на Друштвото. Претседателот, Потпретседателот (доколку истиот се избира) и другите членови на Управниот одбор ги именува Надзорниот одбор со мнозинство гласови и имаат права и овластувања согласно закон, овој Статут и согласно Правилникот за работата на Управниот одбор."*

3. Се менува став 1 од член 39 од Статутот на Друштвото, и по извршените измени истиот гласи:
   *"Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку се присутни мнозинство од членовите, вклучувајќи го и Претседателот на Управниот одбор."*

4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија заради добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото.

5. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог статутарна одлука до Надзорниот одбор на Друштвото, како и до акционерите на Друштвото, а заради усвојување на истата.

6. Оваа Одлука влегува во сила:
   - по добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија,
   - по донесување на одлука од страна на акционерите на Друштвото за измена на Статутот на Друштвото.
   - со уписот на одлуката во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.

7. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

8. Секоја одредба на оваа Одлука која е спротивна на одредбите на позитивните прописи е ништовна, а во таков случај се применуваат одредбите од релевантните позитивни прописи.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно 417, член 418 и член 419 од Законот за трговските друштва, статутот на акционерското друштво се менува со одлука за измена на статутот. Постапка за имена на статутот можат да покренат органот на управување, односно надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијатива во форма на амандмани се доставува до органот на управување, а кога за тое е овластен со закон и до надзорниот одбор. Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика кој ја дал иницијатавата, го утврдува органот на управување, а кога за тоа е овластен и органот на управување. Утврдениот предлог на одлуката за измена на статутот мора да биде образложен. Одлуката за измена на статутот ја донесуваат акционерите на акционерско собрание, и истата влегува во сила со денот на донесувањето освен ако со одлуката не е определен друг датум.

Согласно член 66 од Законот за супервизија на осигурување, за измена на статут, друштвото за осигурување потребно е да добие согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Р. Северна Македонија.

Промената на бројот на членови на органот на управување на Друштвото се извршува поради претходно барање на мнозинскиот акционер на Друштвото. Поради зголемување на бројот на членови на Управниот одбор определен во член 36 став 1 од Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1 (пречистен текст) од 10.05.2021 година, се промени и начинот на кој одборот може да донесува одлуки при што се определува дека одборот може да донесува одлуки доколку на седницата се присутни мнозиство од неговите членови вклучувајќи го и претседателот на одборот..

Заради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на Управен одбор**

Бошко Андов

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 7195/5
27.10.2022 година

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, како и член 2 од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање на согласности донесен од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр.02-3438/8-1 од 10.05.2021 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од Правилникот за работатата на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 464[та] редовна седница, одржана на 27.10.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за измена и дополнување на претходно донесена предлог статутарна одлука за измена на Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1 (пречистен текст) од 10.05.2022 година**

1. Со оваа Одлука се врши дополнување на ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА Бр.02-6707/2 од 10.10.2022 година донесена на 459[та] седница на Управниот одбор, а која се однесува на измена на Стататутот на Друштвото бр.02-3438/8-1 (пречистен текст) од 10.05.2021 година.

2. Во ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА од став 1 на оваа Одлука, по ставот 2 се додава нов став (став 3) кој гласи: **3. Се менува став 1 од член 39 од Статутот на Друштвото, и по извршените измени истиот гласи: Управниот одбор може полноважно да одлучува доколку се присутни мнозинство од членовите, вклучувајќи го и Претседателот на Управниот одбор.**

3. Во ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА од став 1 на оваа Одлука се врши соодветна ренумерологија на ставовите, односно ставот 3 станува став 4, ставот 4 станува став 5, ставот 5 станува став 6, ставот 6 станува став 7, и ставот 7 станува став 8.

4. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија заради добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото.

5. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог статутарна одлука до Надзорниот одбор на Друштвото, како и до акционерите на Друштвото, а заради усвојување на истата.

6. Оваа Одлука влегува во сила:
   - по добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија,
   - по донесување на одлука од страна на акционерите на Друштвото за измена на Статутот на Друштвото.
   - со уписот на одлуката во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.

7. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

8. Со донесувањето на оваа Одлука, Управниот одбор на Друштвото ќе пристапи кон изработка на пречистен текст на предлог статутарна одлука, кој ќе ги вклучи ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА Бр.02-6707/2 од 10.10.2022 година и оваа Одлука.

9. Секоја одредба на оваа Одлука која е спротивна на одредбите на позитивните прописи е ништовна, а во таков случај се применуваат одредбите од релевантните позитивни прописи.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно 417, член 418 и член 419 од Законот за трговските друштва, статутот на акционерското друштво се менува со одлука за измена на статутот. Постапка за имена на статутот можат да покренат органот на управување, односно надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијатива во форма на амандмани се доставува до органот на управување, а кога за тое е овластен со закон и до надзорниот одбор. Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика кој ја дал иницијатавата, го утврдува органот на управување, а кога за тоа е овластен и органот на управување. Утврдениот предлог на одлуката за измена на статутот мора да биде образложен. Одлуката за измена на статутот ја донесуваат акционерите на акционерско собрание, и истата влегува во сила со денот на донесувањето освен ако со одлуката не е определен друг датум. Согласно претходното, Управниот одбор на Друштвото на својата 459$^{та}$ седница одржана на ден 10.10.2022 година донесе предлог статутарна одлука Бр.02-6707/2.

Согласно член 66 од Законот за супервизија на осигурување, за измена на статут, друштвото за осигурување потребно е да добие согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Р. Северна Македонија.

Дополнувањето на предметната статутарна одлука со оваа Одлука се врши со цел да се овозможи непречено одвивање на работата на Управниот одбор и ефективно донесување на одлуки од страна на одборот.

Заради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на Управен одбор**

Бошко Андов

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
УПРАВЕН ОДБОР
Број 02 - 6707/2
10.10.2022 година

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 417 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, како и член 2 од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање на согласности донесен од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр.02-3438/8-1 од 10.05.2021 година (во понатамошен текст: Друштвото), одредбите од Правилникот за работатата на Управниот одбор, Управниот одбор на Друштвото на својата 459та редовна седница, одржана на 10.10.2022 година, ја донесе следната:

# ПРЕДЛОГ СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена на Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1**
**(пречистен текст) од 10.05.2021 година**

1. Во Статутот на Друштвото бр.02-3438/8-1 (пречистен текст) од 10.05.2021 година (во понатамошен текст: Статут) се вршат измените како во став 2 од оваа Одлука.

2. Се менува став 1 од член 36 од Статутот на Друштвото, и по извшените измени истиот гласи:
   *"Управниот одбор се состои од 4 члена, од кои еден се именува за Претседател на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор истовремено е и Генерален менаџер на Друштвото. Претседателот, Потпретседателот (доколку истиот се избира) и другите членови на Управниот одбор ги именува Надзорниот одбор со мнозинство гласови и имаат права и овластувања согласно закон, овој Статут и согласно Правилникот за работата на Управниот одбор.*

3. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија заради добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото.

4. Оваа Одлука ќе се достави како Предлог статутарна одлука до Надзорниот одбор на Друштвото, како и до акционерите на Друштвото, а заради усвојување на истата.

5. Оваа Одлука влегува во сила:
   - по добивање на согласност за измена на Статутот на Друштвото од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија,
   - по донесување на одлука од страна на акционерите на Друштвото за измена на Статутот на Друштвото.
   - со уписот на одлуката во Трговскиот регистар што се води при централниот регистар на Република Северна Македонија.

6. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови под кои е запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

7. Секоја одредба на оваа Одлука која е спротивна на одредбите на позитивните прописи е ништовна, а во таков случај се применуваат одредбите од релевантните позитивни прописи.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно 417, член 418 и член 419 од Законот за трговските друштва, статутот на акционерското друштво се менува со одлука за измена на статутот. Постапка за имена на статутот можат да покренат органот на управување, односно надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијатива во форма на амандмани се доставува до органот на управување, а кога за тое е овластен со закон и до надзорниот одбор. Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика кој ја дал иницијатавата, го утврдува органот на управување, а кога за тоа е овластен и органот на управување. Утврдениот предлог на одлуката за измена на статутот мора да биде образложен. Одлуката за измена на статутот ја донесуваат акционерите на акционерско собрание, и истата влегува во сила со денот на донесувањето освен ако со одлуката не е определен друг датум.

Согласно член 66 од Законот за супервизија на осигурување, за измена на статут, друштвото за осигурување потребно е да добие согласност од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Р. Северна Македонија.

Промената на бројот на членови на органот на управување на Друштвото се извршува поради претходно барање на мнозинскиот акционер на Друштвото.

Заради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на Управен одбор**

Бошко Андов